# ОБРАЗЕЦ ЗА ЧЛЕНСТВО
# во Мрежа на граѓански организации за Отворено владино партнерство

Секоја граѓанска организација која сака да биде дел од Мрежата на граѓански организации (ГО) за Отворено владино партнерство (ОВП) го пополнува овој образец за официјално потврдување на интересот за членство и овозможување на процесот на комуникација и координација во мрежата.

Мрежата на граѓански организации за Отворено владино партнерство се формира во пресрет на подготовката на новиот (петти) национален акциски план, со цел за поорганизирано делување и влијание на граѓанските организации на неговото креирање, како и поттикнување и мониторинг на имплементацијата на постојниот и идните акциски планови.

Основна цел на мрежата е да го координира и зајакне гласот на граѓанските организации кои се залагаат за партиципативност, отвореност и отчетност на властите. Мрежата ќе се залага за иницирање, поттикнување, поддршка, спроведување и мониторинг на процесот на ОВП и за поттикнување на властите и другите институции за зголемување на нивната транспарентност, отчетност и отвореност за учество (партиципативност).

Улогата на мрежата е да го мобилизира и координира застапувањето на граѓанското општество за прашањата на ОВП.

Мрежата е неформална и отворена за учество на граѓански организации кои делуваат во различни области, а се залагаат за граѓанско учество во креирање на јавните политики, транспарентност и отчетност на властите. Процесот на формирање на мрежата го предводи Иницијативен одбор од 10 граѓански организации*, кој ќе делува привремено до воспоставување на структурата на мрежата.

За повеќе информации за мрежата погледнете го повикот до ГО за зачленување во мрежата.

Овој образец се доставува во електронска форма до ivona.stalevska@fosm.mk Доколку ви се потребни дополнителни информации или помош за пополнување на образецот може да се обратите на истата адреса или телефон 02 2477115, на Ивона Сталевска, координаторка на програма во ФООМ.

## I Основни податоци за организацијата:

Назив на организацијата: ………………………………………………………………..

* Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), Скопје; Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА; Центар за управување со промени (ЦУП); Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“; Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Фондација Отворено општество – Македонија; Реактор – Истражување во акција; Здружение на граѓани Љубезност; и Фондација Метаморфозис.

Скратен назив: ……………………………………………….

Адреса/општина: ………………………………………………………………………………

Контакт информации (телефон, е-адреса): ……………………………………………………………………..

Интернет страница: ………………………………………….

## II Критериуми за членство

*Изјави за интерес и поддршка*

☐ Организацијата изразува интерес за учество во мрежата.

☐ Организацијата е формален субјект регистриран во земјата согласно Законот за здруженија и фондации, на ……………………………………. (датум на регистрација).

☐ Организацијата ја поддржува Декларацијата за отворено владино партнерство.

☐ Организацијата ги споделува основните вредности на Отвореното владино партнерство:

- партиципативност
- отвореност и
- отчетност

и истите ги применува во својата работа и се залага да бидат применети од страна на соработниците, партнерите, донаторите, грантистите и институциите на локално и централно ниво.

☐ Организацијата не применува и не поддржува активности кои промовираат и поттикнуваат говор на омраза, дискриминација од секаков вид и корупција.

*Области*

☐ Организацијата активно работи, со фокус на следните области: ……………………………………………………. (области на дејствување).

Организацијата изразува интерес за вклученост во активности на мрежата во следните области на ОВП, во кои има знаење и искуство:

☐ граѓанско учество во креирање на јавните политики

☐ застапување за транспарентост на властите (на локално или централно ниво)

☐ застапување за отчетност на властите (на локално или централно ниво)

## III Претставници на вашата организација во мрежата

**Претставник/претставничка на организацијата во мрежата**

Име и презиме:

Функција/позиција:

Телефон:

E-mail:

**Заменик претставник/претставничка на организацијата во мрежата**

Име и презиме:

Функција/позиција:

Телефон:

E-mail:

## IV Која е вашата мотивација за членство во мрежата?

Што очекувате дека можете да добиете како членка на мрежата, а што можете да понудите? (до 200 збора)

Овластено лице

Печат на организацијата

Име и презиме …………………………………………………………….

Функција ……………………………………………………………………….

Потпис ………………………………………………………..